РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
DREJTORIA PËR SIGURI NGA RREZATIMI
Бр.-Nr. 01-93/13/
22-04-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0804-755
22.04 2020 год.
Пласница

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ГОРИВО ЗА СЛУЖБЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1. Дирекција за радијациона сигурност**, со адреса на бул.Партизански Одреди бр.143 П.Ф. 22 во Скопје, ЕМБС 6015034, ЕДБ 4030002558123, застапувана од Директорот Светислав Ѓорѓевиќ, (во понатамошниот текст: „Договорен орган") од една страна,

и

**2. Друштво за производство,трговија,угостителство и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ** с. Пласница, седиште ул. "Партизански Одреди" бр.104, Карпош 3 Скопје, тел. 02/3077 000, Матичен број: 5312566 и ЕДБ: 4018999101772 застапувано од одговорно лице Божанка Грозданова ( во понатамошниот текст: „Носител на набавката„) од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е сукцесивна јавна набавка на горива за службени моторни возила, ЕУРОСУПЕР БС 95 300 литри, ЕУРОСУПЕР БС 98 300 литри, ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) 5.000 литри и Течен нафтен гас (LPG) 1.500 литри, што одговара на спецификацијата и количините наведени во тендерската документација од оглас број 04333/2020 објавен на ЕСЈН и по спроведена ПОЕДНОСТАВЕНА ОТВОРЕНА ПОСТАПКА.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вредноста на овој договор е во согласност со финансиските средства, обезбедени со Одлуката за јавна набавка на течни горива бр.01-93/1 од 10.03.2020 год.

Вкупна вредност на овој договор без ДДВ изнесува 450.000,00 денари.

Вкупен износ на ДДВ изнесува 81.000,00 денари.

Според тоа, вкупната вредност на овој договор, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со ДДВ изнесува: 531.000,00 (петсто триесет и една илјада денари)(со букви).

Цената по која ќе се врши сукцесивната испорака на стоката предмет на набавката ќе биде утврдена на денот на испораката. Истата ќе биде условена од последната Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ. Како релевантен доказ за промена на цената на предметот на договорот за јавни набавки ќе се користи малопродажните цени утврдени согласно Одлуката за определување на највисоки цени на одделни деривати, кои важат на денот на испораката.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Договорот се склучува на ден 22.04.2020 година, на определено време за период од 1 (една) година, или до искористување на финансиските средства определени во член 2 од овој договор, во зависност што прво ќе настане.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ**

**Член 4**

Носителот на набавката е должен да го испорачува горивото сукцесивно.

Економскиот оператор треба да поседува електронски систем за евиденција и наплата со безготовински картички.

Носител на безготовинската картичка што Носителот на набавката ја издава во смисла на став 2 од овој член е договорниот орган Дирекција за радијациона сигурност - Скопје.

Корисник на безготовинска картичка ќе може да биде овластено лице кое ќе полни гориво во сопственост на носителот на безготовинската картичка исклучиво за потребите за Дирекција за радијациона сигурност - Скопје.

Безготовинската картичка што Носителот на набавката ја издава на носителот може да се употребува од овластено лице, вработено кај договорниот орган на сите продажни објекти за купување на нафтени деривати, гориво (Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, ТНГ и Еуродизел БС (Д-Е-V)) од бензинските станици на Носителот на набавката.

Носителот на безготовинската картичка е обврзник за плаќања на побарувањата што Носителот на набавката ги стекнал по основ на купопродажбата со безготовинската картичка.

Овластеното лице во име на договорниот орган со безготовинската картичка може кај сите продажни места на

Носителот на набавката да купува гориво (Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, ТНГ и Еуродизел БС (Д-Е-V)) без да плати во готово, со исти цени и услови кои ги нуди продажното место на останатите купувачи само со презентација на безготовинската картичка.

На продажните места не е дозволено, ниту корисникот може да бара врз основа безготовинската картичка да се исплатува готовински износ на пари.

Барањето за добивање безготовинска картичка ќе се смета за валидно ако е поднесена од законски застапник (Директор).

Носителот на безготовинската картичка се обврзува дека со посебен договор ќе го обврзе лицето кое ќе ја користи истата дека при користење на безготовинската картичка ги почитува особено следните правила:

Безготовинската картичка да ја користи само за купување на гориво (Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, ТНГ и Еуродизел БС (Д-Е-V)) за потребите на Дирекција за радијациона сигурност - Скопје.

- Безготовинската картичка да ја користи само за купување на гориво (Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, ТНГ и Еуродизел БС (Д-Е-V))за потребите на Дирекција за радијациона сигурност - Скопје, односно не е дозволено земање на готови пари на основа истото,
- На барање на Носителот на набавката или на негово барање да ја врати картичката,
- Веданаш да пријави губење или кражба и
- Секое пресметковно ливче (сметка) за купена стока или услуга да го провери на самото продажно место и го потпише и евентуалните рекламации ги даде веднаш.

При плаќањето со безготовинската картичка на корисникот ќе му се издава сметка во два примерока од кој едната за носителот на картичката и една за Носителот на набавката.Сметката задолжително се потпишува од корисникот.

Проверката на сметката корисникот ја врши на самото продажно место и веднаш ги изјавува евентуалните забелешки, а по потпишувањето на сметката дополнителните рекламации нема да се признаат.

Носителот на картичката е должен веднаш писмено да го извести Носителот на набавката за губење или кражба на безготовинската картичка.

Одговорноста за направените трошоци заклучно со денот на пристигање на пријавата за губење, кражба или повлекување на безготовинската картичка од промет, во седиштето на издавачот на картичките, ќе биде на товар на договорниот орган.

Во случај на злоупотреба на безготовинската картичка Носителот на набавката има право на продажните места да ја одземе безготовинската картичка од корисникот и за тоа ќе го извести носителот на картичката.

Со цел да го заштити својот начин на работа или од други оправдани причини, Носителот на набавката може да ги менува правилата и условите за користење на безготовинските картички на продажните места.

За измените и дополнувањата на овие правила носителот на картичката ќе биде известен по писмен пат, па доколку во натамошното користење на безготовинските картички не биде откажана ќе се смета дека промените се прифатени.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

### Член 5

Носителот на набавката месечно ќе изготвува фактури со спецификација на сметки за испорачаното гориво.

Носителот на набавката се обврзува фактурирањето на испорачаните стоки да го врши по малопродажните цени , согласно Одлуката на Регулаторната Комисија за енергетика на Р. С. Македонија .

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број ;
- број и датум на Договорот ;
- количини и опис на стоката, дефинирана како во член 1 од договорот ;
- единечни договорни цени за секој од елементите ;
- вкупни цени по елементи ;
- пресметка на ДДВ ;
- вкупна цена за исплата по ф/ра; и
- валута на плаќање .

Прилог на секоја фактура за испорака на горивото, Носителот на набавката му издава Испратница / сметка во еден примерок потпишана од двете договорни страни.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши сукцесивно, во зависност од испорачаната количина на гориво.

Договорниот орган е должен во рок од 30 дена од датумот на прием на секоја поединечна фактура во архивата да изврши плаќање на жиро-сметката на Носителот на набавката.

Договорните органи доколку задоцнат со исполнување на паричната обврска во рокот предвиден во фактурите се должни да платат законска казнена камата.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

### Член 7

Највисоките цени на горивото кое е предмет на овој договор се регулирани од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

### Член 8

Горивото (Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, ТНГ и Еуродизел БС (Д-Е-V)) предмет на овој договор поседува квалитет во склад со важечкиот Правилник за квалитет на течни горива на Р. С. Македонија и е во согласност со важечките македонски стандарди.

Приговор на квалитетот се доставува до Носителот на набавката веднаш .

Во случај на рекламација, зеднички земениот примерок од рекламираните деривати се анализира во акредитирана контролна лабораторија која спогодбено ја определуваат двете страни. Резултатите од оваа лабораторија се меродавни за двете страни.

Доколку се констатира отстапување од декларираниот квалитет, трошоците за испитување паѓаат на товар на Носителот на набавката а доколку се констатира дека рекламацијата е неоснована ,тогаш сите трошоци паѓаат на товар на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во рок од 8 дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

## ГАРАНТЕН РОК

### Член 9

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на предметот на набавката, пришто гарантниот период изнесува една година од денот на склучување на договорот.

Доколку во гарантниот период се појави грешка на испорачаниот предмет, Носителот на набавката е должен истиот да го замени без надомест.

## ВИША СИЛА

### Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

### Член 11

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоките предмет на овој Договор, што ги имале во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа. Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

Недостаток постои:

- ако стоките ги немаат потребните својства за нејзина редовна употреба;
- ако стоките ги немаат потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната;

- ако стоките ги немаат својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани,
- кога Носителот на набавката предал стоки кои не се соодветни на техничките спецификации прифатени од негова страна.

Член 12

Кога по приемот на стоките од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоките имаат некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нивното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од 8 (осум) дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат после напуштање на возилото од бензиските станици.

ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 13

Договорните страни се должни да ги исполанат обврските кои произлегуваат од овој Договор.
Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на стоките согласно Закон за облигациони односи и Закон за заштита на потрошувачи.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 14

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

Член 15

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 16

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку споровите не можат да се решат на начинот предвиден од став 1 од овој член, во тој случај за нивно решавање надлежен ќе биде Основен Суд Скопје 2 – Скопје.

УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот.

Член 18

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 19

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 20

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и

позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено и во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на овој Договор е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измени и/или дополнувања на Договорот се вршат со Анекс на Договорот за јавна набавка на стоки во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **Дирекција за радијациона сигурност** | **ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ** |
| застапувано преку | застапувано преку |
| **Директор** | **одговорно лице** |
| **Светислав Ѓорѓевиќ** | **Божанка Грозданова** |
| ___________________ | ___________________ |
| ***Договорен орган*** | ***Носител на набавката*** |